# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КУМАНОВО


| | | |
|---|---|---|
| „Службен гласник на Општина Куманово“<br>Излегува по потреба – Издавач: Општина Куманово<br>Тел. 423-505<br>Одговорен уредник: Фатос Аќифи | Година LXXI<br>Број 8<br>Куманово<br>15 јуни<br>2026 г. | Претплата за 2026 година<br>изнесува 2.000 денари.<br>трезорска с-ка 100-0000000630-95<br>с-ка на буџетски корисник 7410140525630-18<br>приходна шифра 725939 |


295.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за давање на користење на недвижна ствар сопственост на Општина Куманово без надоместок на Собрание на РС Македонија**

1. Се објавува Одлуката за давање на користење на недвижна ствар сопственост на Општина Куманово без надоместок на Собрание на РС Македонија бр. 09 – 9001/3 што Советот на Општина Куманово го донесе на седницата одржана на 11 јуни 2026 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 08-9309/1
12 јуни 2026 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

296.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 25 став 1 точка 30 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седница одржана на 11 јуни 2026 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за давање на користење на недвижна ствар сопственост на Општина Куманово без надоместок на Собрание на Република Северна Македонија**

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Куманово дава согласност недвижниот имотот Деловна просторија, сопственост на Општина Куманово, катастарска парцела 14795, зграда 1, влез 01, кат ПР, намена Деловна зграда вон стопанство, ул. М.Тито, собност 01, површина 19m$^2$, објект по скица бр.3 (занаетчиски дом), запишан во Имотен лист број 27479 на Катастарска општина Куманово, ДА СЕ ДАДЕ НА КОРИСТЕЊЕ БЕЗ НАДОМЕСТОК на Собранието на Република Северна Македонија, Скопје, ВО ВРЕМЕТРАЕЊЕ ОД 5 (ПЕТ) ГОДИНИ заради обезбедување на канцеларии за редовна и директна комуникација на пратениците од Кумановскиот регион со граѓаните.

Член 2

Со влегување во сила на оваа Одлука членот 1 став 1 алинеја 1 од Одлуката бр. 09-4437/15 од 12 март 2026 година („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 3/26) каде е наведено „Деловна просторија, сопственост на Општина Куманово, по Имотен лист бр. 27479, катастарска парцела 14795 за КО Куманово, зграда 1, влез 01, кат ПР, намена Деловна зграда вон стопанство, ул. М.Тито, собност 01, површина 19m$^2$, објект по скица бр.3 (занаетчиски дом)" СЕ СТАВА ВОН СИЛА.

Член 3

Меѓусебните права и обврски ќе се уредат со договор за користење на отстапениот простор, сопственост на Општина Куманово, кој ќе се склучи по влегувањето во сила на Одлуката.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Куманово.

Бр. 09 – 9001/3
11 јуни 2026 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Ивана Ѓорѓиевска, с.р.**

297.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлука за основање на Заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе**

1. Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлука за основање на Заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе бр. 09 – 9001/4 што Советот на Општина Куманово го донесе на седницата одржана на 11 јуни 2026 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-9310/1
12 јуни 2026 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

298.

Врз основа на член 18 став 3 и став 5 од од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија" бр.79/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.241/24), член 36 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 14 став 1 и 2, член 25 став 1 точка 25 и 40 и член 68 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 13/03,13/07,8/15,11/19,12/21) а во врска со член 31 од Законот за управување со отпадот „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 216/21 и 3/25) и член 17 и член 26 од Законот за јавните претпријатија „Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на ден 11 јуни 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Одлука за основање на Заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе**

**Член 1**

Со оваа одлука по членот 11, се додаваат нови членови 11-а и 11-б кои гласат:

Член 11-а

Општините при давањето на согласност и донесувањето на одлуките кои се однесуваат на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК" Свети Николе, имаат различен број на гласови согласно Регионален план за управување со отпад во Североисточен и Источен плански регион односно податоци за собран отпад на ниво на општина во тони на годишно ниво.

Член 11-б

Согласно методологијата за утврдување на број на гласови (400 тони отпад бројат 1 глас) на општините основачи при давањето на согласност и донесувањето на одлуките кои се однесуваат на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК - СЕВЕРОИСТОК" Свети Николе утврдена во членот 11-а распоредот на гласови е следен:

| **Општина** | **Жители*** | **kg/жител/ден** | **Отпад t/год** | **Коефициент на гласови** |
|---|---|---|---|---|
| Куманово | ~98.000 | 0.95 | ~34.000 | 85 |
| Штип | ~41.000 | 1.00 | ~15.000 | 37,5 |
| Кочани | ~31.000 | 0.90 | ~10.200 | 25,5 |
| Свети Николе | ~18.000 | 0.85 | ~5.600 | 14 |
| Делчево | ~17.000 | 0.80 | ~5.000 | 12,5 |
| Крива Паланка | ~18.000 | 0.78 | ~5.100 | 12,75 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Пробиштип | ~15.000 | 0.75 | ~4.100 | 10,25 |
| Виница | ~17.000 | 0.65 | ~4.000 | 10 |
| Липково | ~27.000 | 0.40 | ~3.900 | 9,75 |
| Берово | ~11.000 | 0.75 | ~3.000 | 7,5 |
| Кратово | ~9.000 | 0.60 | ~2.000 | 5 |
| Чешиново-Облешево | ~7.000 | 0.60 | ~1.500 | 3,75 |
| Македонска Каменица | ~6.000 | 0.60 | ~1.300 | 3,25 |
| Карбинци | ~4.000 | 0.55 | ~800 | 2 |
| Пехчево | ~5.000 | 0.45 | ~820 | 2,05 |
| Старо Нагоричане | ~3.000 | 0.55 | ~600 | 1,5 |
| Зрновци | ~2.000 | 0.55 | ~400 | 1 |
| Ранковце | ~3.500 | 0.45 | ~575 | 1,44 |
| | Вкупен број на гласови | | | 244,74 |

**Член 2**

Со промена на генерирана и дистрибуирана количина на отпад на годишно ниво од секоја општина ќе биде менуван коефициентот на вредност на бодови на секоја општина поединечно заклучно со 31 јануари секоја година.

**Член 3**

Со оваа Одлука членот 12 од Одлуката за основање на Заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе се менува и гласи:

„Органите на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК“ Свети Николе се Управен одбор, Одбор за контрола на материјално – финансиско работење и Директор.

Управниот одбор се состои од седум членови.

Членовите на управниот одбор на заедничкото јавно претпријатие ги именуваат, односно разрешуваат основачите на јавното претпријатие.

За член на управниот одбор на заедничкото јавно претпријатие може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

- е државјанин на Република Северна Македонија,
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование и
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Освен условите од ставот 4 на овој член, членовите на управниот одбор во заедничкото јавно претпријатие треба да имаат најмалку пет години работно искуство од кои:

- најмалку еден член на управниот одбор со работно искуство од областа на финансиско работење и
- најмалку еден член на управниот одбор со работно искуство од областа на правните работи.

Времетраењето на мандатот на членовите на управниот одбор на заедничкото јавно претпријатие изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.

**Член 4**

Членот 13 од Одлуката за основање на Заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе се менува и гласи:

„За вршење контрола на материјално – финансиското работење на заедничкото јавно претпријатие се формира надзорен одбор за контрола на материјално – финансиското работење (во натамошниот текст: надзорен одбор) составен од три члена.

За член на надзорниот одбор може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

- е државјанин на Република Северна Македонија,
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование од областа на правните, економските, природни науки или од областа на дејноста на јавното претпријатие и
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Освен условите од ставот 2 на овој член, членовите во надзорниот одбор на заедничкото јавно претпријатие треба да имаат и соодветно работно искуства и тоа:

- еден член на надзорниот одбор, треба да има најмалку пет години работно искуство,
- еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на финансиското работење и
- еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на правните работи.

Времетраењето на мандатот на членовите во надзорниот одбор на заедничкото јавно претпријатие изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.

Членовите на надзорниот одбор во јавното претпријатие од ставот 1 на овој член ги именуваат, односно разрешуваат основачите на заедничкото јавно претпријатие.

**Член 5**

**Членот 14 се менува и гласи:**

Постапката за избор на Директор се спроведува од страна градоначалникот на општината во кој ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК" Свети Николе има седиште.

Градоначалникот на општината во која ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК" Свети Николе има седиште формира комисија за административна селекција на кандидатите за директор на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК" Свети Николе, по претходна согласност на мнозинство на градоначалниците на општините основачи на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК" Свети Николе.

Комисијата за административна селекција ја сочинуваат три члена и три заменици членови односно два претставника од општините од Североисточниот регион и еден претставник од општините од Источниот регион, додека како заменици членови се два претставника од општините од Источниот регион и еден претставник од општините од Североисточниот регион.

Изборот на членови на комисијата се врши по пат на ждрепка на состанок на градоначалниците на општините основачи на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК" Свети Николе.

Работата на комисијата за селекција се уредува со деловник за работа на комисијата, кој го подготвува и донесува комисијата.

Комисијата е должна да ги разгледа доставените пријави за директор на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК СЕВЕРОИСТОК" Свети Николе и да достави предлог кандидат до Градоначалникот на општината на чија територија е седиштето на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК" Свети Николе. кој е должен да го именува во рок од 8 дена.

**Член 6**

**По членот 14, се додава нов член 14-а кој гласи:**

**Член 14-а**

За избор на членови во Управниот одбор и на Одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК" Свети Николе, на предлог на градоначалникот на општината на чија територија е седиштето на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК" Свети Николе, Советите на општините основачи, формираат Комисија за селекција составена од: претседател и негов заменик, од редот на вработените во општина основач која има најголем број на жители согласно пописот од 2021 година, еден член и негов заменик, вработени во организациона единица за управување со човечки ресурси во општината во која ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК" Свети Николе има седиште и еден член и негов заменик, вработени во ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК" Свети Николе.

**Член 7**

Во останатиот дел Одлуката за основање на Заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе останува непроменета.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во Службен гласник на општина Куманово.

Одлуката ќе започне да се применува по нејзиното донесување од страна на сите општини основачи на заедничкото јавно претпријатие.

Бр. 09-9001/4 Совет на Општина Куманово
11 јуни 2026 година Претседател,
Куманово **Ивана Ѓорѓиевска, с.р.**

299.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за утврдување на начинот на финансирање и обезбедување на средства за тековно работење и одржување Заедничкото јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на начинот на финансирање и обезбедување на средства за тековно работење и одржување на Заедничкото јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе бр. 09 – 9001/5 што Советот на Општина Куманово го донесе на седницата одржана на 11 јуни 2026 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-9311/1
12 јуни 2026 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

300.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) ,член 25 став 1 точка 25 и 40 и член 68 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 13/03,13/07,8/15,11/19,12/21) а во врска со член 23 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија" бр.79/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.241/24) и Одлуката за основање на ЗЈПРУО ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе, Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на ден 11 јуни 2026, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на начинот на финансирање и обезбедување средства за тековно работење и одржување на Заедничкото јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе**

**Член 1**

Со оваа Одлука се уредува начинот на финансирање и обезбедување средства за тековно работење и одржување на Заедничкото јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе (во понатамошниот текст: Претпријатието), основано од општините од Источниот и Североисточниот плански регион.

**Член 2**

Секоја од Општините основачи на Претпријатието обезбедува средства за финансирање на Претпријатието во износ од 10 (десет) денари по жител на годишна основа, согласно со податоците од последниот попис на населението во Република Северна Македонија, при што вкупниот износ на средствата што секоја општина е должна да ги обезбеди за Претпријатието се утврдува како производ од бројот на жители во општината и износот од 10 денари по жител за период од 01.01-31.12 во тековна година.

**Член 3**

Средствата од член 2 на оваа Одлука општините ги уплаќаат на сметката на Претпријатието во вкупниот износ најдоцна до 30 јуни во тековната година.

**Член 4**

Средствата обезбедени согласно оваа Одлука ќе се користат за:

- тековно работење на Претпријатието;
- одржување на опрема и инфраструктура;
- развој на системот за регионално управување со отпад;
- други активности во согласност со закон и статутот на Претпријатието;

**Член 5**

За реализација на оваа Одлука се задолжуваат градоначалниците на општините основачи на Претпријатието и директорот на Претпријатието.

**Член 6**

Доколку некоја од општините основачи на Претпријатието не ги обезбеди или не ги уплати средствата во роковите утврдени со оваа Одлука, ќе се смета дека истата не ја исполнила својата финансиска обврска кон Претпријатието.

Во таков случај, директорот на Претпријатието е должен писмено да ја извести општината и да и определи дополнителен рок од 30 дена за исполнување на обврската.

Доколку општината не постапи ниту во дополнителниот рок, Претпријатието може:

- да преземе мерки за присилна наплата согласно важечките законски прописи;
- да иницира постапка пред надлежен суд за наплата на побарувањето;
- да предложи ограничување на користење на услугите во рамки на законските можности.

Ненавременото исполнување на обврските може да претставува основа за иницирање на постапка за одговорност, согласно со закон.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во Службен гласник на општина Куманово .

Одлуката ќе започне да се применува по нејзиното донесување од страна на сите општини основачи.

Бр. 09-9001/5 — Совет на Општина Куманово
11 јуни 2026 година — Претседател,
Куманово — **Ивана Ѓорѓиевска, с.р.**

301.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за именување на членови на општински совет за социјална заштита на Општина Куманово**

1. Се објавува Одлуката за именување на членови на општински совет за социјална заштита на Општина Куманово бр. 09 – 9001/8 што Советот на Општина Куманово го донесе на седницата одржана на 11 јуни 2026 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-9319/1
12 јуни 2026 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

302.

Согласно член 141 и 142 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22, 65/23 и 192/25 ), Одлуката за основање на Општински совет за социјална заштита на Општина Куманово бр. 09-8966/43 од 23.12.2019 година (Сл. гласник на Општина Куманово бр.15/19) и член 71 став 1 од Статутот на Општина Куманово - пречистен текст ( „Службен гласник на Општина Куманово" бр.12/21), Советот на Општина Куманово на седницата одржана на 11 јуни 2026 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ НА ОПШТИНСКИ СОВЕТ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ОПШТИНА КУМАНОВО

### Член 1

Со оваа Одлука се врши именување на членови на Општински совет за социјална заштита на Општина Куманово.

### Член 2

Општинскиот совет за социјална заштита е составен од претставници на општинската администрација, центарот за социјална работа, даватели на услуги, здруженија, верски заедници и други правни лица и физички лица кои вршат дејност на социјална заштита, установи од областа на образованието, здравствената заштита, вработувањето, полиција и/или јавно обвинителство, од подрачјето на општината.

Субјектите од став 1 на овој член доставуват предлози за номинирање на членови на Општинскиот совет за социјална заштита на Општина Куманово, како претставници на нивниот субјект.

Во Општинскиот совет за социјална заштита на Општина Куманово, лица од редот на општинската администрација ги номинира Градоначалникот на Општина Куманово.

### Член 3

Предложените членови на Општинскиот совет за социјална заштита на Општина Куманово, номинирани од страна на субјектите од став 2 член 2 од оваа одлука се:

1. **Ндерим Јашари**, претставник на АВРСМ- Центар за вработување Куманово (член);

2. Катарина Миленковска, претставник на АВРСМ- Центар за вработување Куманово (заменик член);
3. Ерди Мехмети, преставник на ЈУМ Центар за социјална работа Куманово (член);
4. Марина Младеновска, претставник на ЈУМ Центар за социјална работа Куманово (заменик член);
5. Бурбуќе Нухији, претставник на ЈЗУ Здравствен дом Куманово- патронажна служба (член);
6. Даниела Димовска, претставник на ЈЗУ Општа болница Куманово (член);
7. Габриела Ангеловска, претставник на ЈЗУ Општа болница Куманово (заменик член);
8. Шпејтиме Хисејини, преставник на Црвен крст на РСМ- општинска организација Куманово (член);
9. Марија Спасиќ, претставник на Црвен крст на РСМ- општинска организација Куманово (заменик член);
10. Билјана Мицевска, преставник на МВР- СВР Куманово (член);
11. Тацедин Исмаиљи, претставник на МВР-СВР Куманово (заменик член);
12. Зенељ Аземи, претставник од Фонд за здравствено осигурување Куманово (член);
13. Хамди Нухији, претставник од Фонд за здравствено осигурување Куманово (заменик член);
14. Сашо Арсениевски, претставник од Здружение Регионален центар за лица со попреченост „Порака Наша“ Куманово (член);
15. Мартина Костовска, претставник од Здружение Регионален центар за лица со попреченост „Порака Наша“ Куманово (заменик член);
16. Методија Манојловски, претставник од Здружение на пензионери Куманово (член);
17. Миле Спасовски, претставник од Здружение на пензионери Куманово (заменик член);
18. Лидија Илијевска, претставник од Хуманитарно здружение Мајка, Куманово (член);
19. Вероника Зафировска Крстевска, претставник од Хуманитарно здружение Мајка, Куманово
20. Благица Димитровска, претставник од Здружение за промоција и развој на инклузивно општество Инклузива Куманово (член);
21. Татјана Арсовска, претставник од Здружение за промоција и развој на инклузивно општество Инклузива Куманово (заменик член);
22. Симона Трајковска, претставник од Здружение за стимулација, едукација и рехабилитација „Чекор плус“ Куманово (член);
23. Александра Тодоровска, претставник од Здружение за стимулација, едукација и рехабилитација „Чекор плус“ Куманово (заменик член);
24. Елена Гелевска, претставник од Здружение на виши и средни медицински сестри, техничари и акушерки Куманово (член);
25. Анита Спасиќ, претставник од Здружение на виши и средни медицински сестри, техничари и акушерки Куманово (заменик член);
26. Фатрије Арифи, претставник од Женско здружение Линда Куманово (член);
27. Арбен Мурати, претставник од Женско здружение Линда Куманово (заменик член);
28. Ивана Николиќ, претставник од ЈОУ Детска градинка „Ангел Шајче“ Куманово (член);
29. Наташа Поповска, претставник од ЈОУ Детска градинка „Ангел Шајче“ Куманово (заменик член);

30. **Александар Крстевски,** претставник од ЈОУ Дом за стари лица „Зафир Сајто“ Куманово (член);
31. **Весна Коцевска,** претставник од ЈОУ Дом за стари лица „Зафир Сајто“ Куманово (заменик член);
32. **Ленче Младеновиќ,** преставник од Фонд за пензиско и инвалидско осигурување-Куманово, (член);
33. **Билјана Крстевска,** претставник од Фонд за пензиско и инвалидско осигурување-Куманово (заменик член);
34. **Емилија Јакимовска,** претставник од Неформална група жени од нас. Карпош, Куманово (член);
35. **Дафина Тасевска,** преставник од Неформална група жени од нас. Карпош, Куманово (заменик член);

**Член 4**

Предложените членови на Општинскиот совет за социјална заштита на Општина Куманово, номинирани од страна на Градоначалникот на Општина Куманово од став 3 член 2 од оваа одлука се:

1. **Марија Арсиќ,** претставник од Сектор за образование-Општина Куманово (член);
2. **Анастасија Димитриевска,** претставник од Сектор за образование-Општина Куманово (член);
3. **Ридван Авдиљи,** претставник од Сектор за образование- Општина Куманово (член);
4. **Линдрит Мемети,** претставник од Сектор за меѓународна соработка и евроинтеграции, стратешко планирање, креирање политики, следење и ЛЕР (член);
5. **Дејан Стојановски,** претставник од Сектор за култура спорт, социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита- Општина Куманово (член);
6. **Тања Стефановска,** претставник од Сектор за култура спорт, социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита- Општина Куманово (член);
7. **Фросина Цветковска,** претставник од Сектор за култура, спорт, социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита- Општина Куманово (член);
8. **Марија Бабан,** претставник од Сектор за култура, спорт, социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита- Општина Куманово (член);
9. **Катерина Пешиќ Бошковска,** претставник од Сектор за култура, спорт, социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита- Општина Куманово (член);
10. **Кадрије Лимани,** претставник од Сектор за култура, спорт, социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита- Општина Куманово (член).

**Член 5**

Градоначалникот врз основа на усвоената Одлука за именување на членови на Општински совет за социјална заштита на Општина Куманово, донесува решение.

**Член 6**

Членовите на Општинскиот совет за социјална заштита на Општина Куманово имаат мандат од 4 (четири) години.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 09-9001/8
11 јуни 2026 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Ивана Ѓорѓиевска, с.р.**

303.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за објавување на Јавен повик 01/26 – дополнување, за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на Надзорен одбор на Јавно претпријатие „Водовод“- Куманово**

1. Се објавува Одлуката за објавување на Јавен повик 01/26 – дополнување, за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на Надзорен одбор на Јавно претпријатие „Водовод“- Куманово бр. 09 – 9001/9 што Советот на Општина Куманово го донесе на седницата одржана на 11 јуни 2026 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-9322/1
12 јуни 2026 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

304.

Врз основа на член 17-а став 2 и член 26а од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25 и 96/26), и член 68 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово “бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 11 јуни 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за објавување на Јавен повик 01/26 – дополнување, за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на Надзорен одбор на Јавно претпријатие „Водовод”- Куманово**

Член 1

Со оваа одлука се објавува Јавен повик 01/26 – дополнување, за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на 1 (еден) член на Надзорен одбор на Јавно претпријатие „Водовод"- Куманово од областа на Финансиско работење (поради нецелосно комплетирање на надзорниот одбор на претпријатието на јавиот повик 02/26-повторување)

Член 2

Се задолжува Комисијата за селекција формирана со решение бр.09-4437/18 од 12.03.2026 година од страна на Советот на Општина Куманово за спроведување на јавиот повик 01/26-повторување за избор на членови на Управен и надзорен одбор на Јавно претпријатие „Водовод"- Куманово, да го спроведе и Јавниот повик 01/26-дополнување за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор 1 (еден) член на Надзорен одбор на Јавно претпријатие „Водовод"- Куманово.

Член 3

Јавиот повик е прилог на оваа Одлука.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 09 – 9001/9
11 јуни 2026 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Ивана Ѓорѓиевска, с.р.**

**305.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
